Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24 ),член 16 став 1 точка 4, член 19 и член 73 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово "бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), а во врска со член 122, 123 и 124од Закон за водите(„Службен весник на РепубликаМакедонија“бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 151/21 и 3/25),Советот на општина Берово на 4–та седница одржана на 05.12.2025 година донесе:

**ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА ОД ШТЕТНО ДЕЈСТВО НА ВОДИТЕ**

**Општински Акционен план за чистење на природни водотеци и речни корита во сливот на река Брегалница за 2026 година**

Член 1

Заштитата од штетното дејство на водите опфаќа активности и мерки за заштита и одбрана од поплави, заштита од ерозија и порои , одбрана од замрзнување на површинските водни тела, како и отстранување на последиците од таквите штетни дејствија на водите.

Член 2

Како можни жаришта за поплавување на населени места како и земјоделско земјиште во Општина Берово од природни водотеци на кои е потребна интервенција за заштита од поплавување се наведуваат следните водотеци и реки кои преку овој акциски план се предвидуваат за чистење:

- Природниот водотек **"Маначиски поток"** кој се протега покрај улиците „Вељко Влаховиќ“ и улицата „Јуриј Гагарин" предизвикува поплави за време на порои и е потребно чистење на наносот и транспортирање на истиот во депонија. Предвидено е да се чисти потегот низводно од улицата „Димитар Двојаковски“ и узводно покрај улицата „Балканска" во должина од **1000 м**.
- Чистење нанос на **„Чучурски андак“**долж улица „Илинденска“ во Берово, во потег каде што е во отворен канал со должина од околу **200 м.**
- Чистење на нанос во нерегулирано „**Корито на река Брегалница“** узводно од мостот на ул. „11 Октомври“ до граница на опфат на урбанистички план, и низводно од пешачкиот мост на ул. „Вељко Влаховиќ“ до Мост на регионалниот патен правец Берово-Струмица во должина од **1000 м**. И регулирано „Корито на река Брегалница„ од Мостот кај пазарот до мостот кај кафтанци **460** м.**Вкупно 1460 м.**

- „**Ратевска река**“ низводно во градежниот опфат на село Ратево.Главно интервенцијата ќе се состои од чистење на наносот и продлабочување на коритото а материјалот ќе се користи за насипување на бреговите и оформување на косините.

- „**Русинска река**“ **-** предвидени активности за чистење на потегот во село Русиново од завршетокот на улица „Димитар Влахов“ до под мостот на улица „11 Октомври“ во должина од **500 метри**, а се состои од чистење на наноси, вегетација и проширување на речното корито.

- „**Дворишка река**“ **-**Узводно во градежниот опфат на село Двориште**.** Ќе се работи на чистење на нанос, продлабочување на коритото со формирање на косини на брегот спроти локалниот пат.

- „**Смојмирска река** „-во опфатот на село Смојмирово,Главно интервенцијата ќе се состои од чистење на наносот и продлабочување на коритото а материјалот ќе се користи за насипување на бреговите и оформување на косините во должина од **1000 метри**
- „**Владимирска река** „ во опфатот на село Владимирово Главно интервенцијата ќе се состои од чистење на наносот и продлабочување на коритото а материјалот ќе се користи за насипување на бреговите и оформување на косините во должина од **1000 метри**

Член 3

Средствата за финансирање на предвидените активности во рамки на оваа Програма во вредност од **500.000,00 денари** ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Берово од програма Ј2- одведување и пречистување на отпадни води.

Бр.09-4367/1
05.12.2025 год.
Берово

Совет на општина Берово
Претседател
с.р.Владко Шахпаски